# ФЕЦ Битола 1



*Изработил: Сектор за развој и инвестиции*

*Скопје, 2025 г.*

АД ЕСМ – Скопје ќе изгради две фотонапонски електрани со вкупна инсталирана моќност од 30MW AC, и тоа: ФЕЦ Осломеј 2 – 10 MW проширување на веќе изградената фотонапонска електрана „Осломеј 1“ од 10 MW, што е изградена на веќе искористен рудник за јаглен во близина на ТЕ „Осломеј“ и Битола 1 – 20 MW во непосредна близина на ТЕ „Битола“.

АД ЕСМ обезбедува околу 90% од целокупното домашно производство на електрична енергија во Република Северна Македонија, со просечно годишно производство на електрична енергија од приближно 3.600 GWh од термоелектраните и 1.250 GWh од хидроцентралите. АД ЕСМ – Скопје го има во сопственост и со првиот ветерен парк во земјава „Богданци“ – фаза I, со инсталирана моќност од 37 MW и производство од приближно 100 GWh на годишно ниво. Понатаму, фотонапонската електрана Осломеј 1, со капацитет од 10 MW, е првата соларна фотонапонска централа со голем инсталиран капацитет во Република Северна Македонија, а со тоа служи како пример за декарбонизација и правична транзиција од јаглен кон обновливи извори на енергија во земјата и регионот на Западен Балкан.

## *Придобивки од проектот*

Проектот е инвестиција на АД ЕСМ – Скопје во согласност со владата на РСМ, со цел да се промовира праведна и зелена транзиција, што опфаќа инвестиции во нови зелени капацитети за АД ЕСМ – Скопје, зголемување на производството на чиста обновлива енергија во земјата и во регионот, коишто имаат сериозни недостиг на производствени капацитети и голема зависност од ископувањејаглен. Понатаму, проектот ќе и помогне на Република Северна Македонија да ја намали зависноста од застарената инфраструктура на јаглен и исто така ќе им помогне на локалните заедници во општина Кичево и општина Битола да развијат поодржливи практики.

ФЕ Битола со инсталирана моќност од 20 MW AC ќе биде изградена на површина од околу 40 хектари, сопственост на АД ЕСМ. Електраната ќе биде поврзана на ТС Битола 2 (МЕПСО) преку 110kV кабелска врска. Просечното годишно производство е проценето на 32 GWh.

Се очекува фотонапонските електрани да произведуваат 50 GWh електрична енергија, што е еквивалентно на побарувачката на енергија на 8.500 домаќинства и да намалување на емисии од јаглерод диоксид од 34.000 тони годишно.

Извор на финансирање: 25 милиони евра се заем од ЕБОР со државна гаранција, а 5.1 милион евра грант од ЕБОР преку WBIF. Заемот и грантот се за ФЕ Осломеј 2 и ФЕ Битола 1.

## Планирано проозводство за Битола 1 (MWh)

| М | Јан | Фев | Мар | Апр | Мај | Јун | Јул | Авг | Сеп | Окт | Ное | Дек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Egrid | 1744 | 2253 | 2950 | 3391 | 3665 | 3718 | 4604 | 4273 | 3693 | 2273 | 1848 | 1668 |




*Слика 1: Локација на ФЕЦ БИТОЛА 1 на Google*



*Слика 2:Предлог распоред на панели за Битола 1*